„Реков: ‚О, Божји пратенику, кои се правата на сопругата над нејзиниот сопруг?‘ Тој одговори: ‚Да ја храниш кога и самиот јадеш, да ја облекуваш кога и ти се облекуваш или кога стекнуваш, да не ја удираш по лицето, да не ја навредуваш и да не ја одбегнуваш освен во домот.‘“

Од Муавија ел-Кушејри, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Реков: ‚О, Божји пратенику, кои се правата на сопругата над нејзиниот сопруг?‘ Тој одговори: ‚Да ја храниш кога и самиот јадеш, да ја облекуваш кога и ти се облекуваш или кога стекнуваш, да не ја удираш по лицето, да не ја навредуваш и да не ја одбегнуваш освен во домот.‘“

[حسن] [رواه أبو داود وابن ماجه وأحمد]

На Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му беше поставено прашањето: „Кое е правото на сопругата над нејзиниот сопруг?“ Тој одговори споменувајќи неколку работи, меѓу кои: Прво: Да ја храниш секогаш кога и самиот јадеш, а да не ја лишуваш од тоа. Второ: Да ја облекуваш кога и самиот се облекуваш или кога стекнуваш средства за тоа (да и обезбедиш облека како што обезбедува за себе). Трето: Не ја удирај освен ако има оправдана причина и потреба, а дури и тогаш, нека биде благо и без нанесување повреда. Никогаш не ја удирај по лицето, бидејќи тоа е најчесниот и највидливиот дел од телото, на кој се наоѓаат благородни и чувствителни органи. Четврто: Не ја навредувај и не кажувај зборови како: „Аллах нека ти го изгрди лицето“, ниту пак нарекувај некој нејзин дел грд, бидејќи сè што е создадено е дело на Аллах, Кој го создал човекот во најубава форма. Навредата на создаденото води кон навреда на Создателот – Аллах нека не чува од тоа! Петто: Не ја одбегнувај освен во постелата, но без целосно отуѓување, ниту пак преселувај ја во друга куќа. Ова важи за случаите кога се имаме привремена оддалеченост меѓу сопружниците како воспитна мерка.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/58093